**20121643913**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 92/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 ноември 2012 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА КОИ ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА МОЖЕ ДА ГИ ДОБИЕ ЗА ИЗДАДЕНИ ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот („Службен весник на Република Македонија“ број 33/2010, 44/2010, 65/2010, 127/2010, 33/2011 и 181/2011) во член 3 став 2 се брише.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„ Основни критериуми при определување на квоти по аптеки кои имаат договор со Фондот е вкупната вредност на остварен обем на рецепти за претходниот период и расположливи средства во Буџетот на ФЗОМ.

Фондот го определува утврдениот месечен износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт во договорниот период врз основа на направена анализа на просечно месечно реализираните износи на квоти во последните 6 месеци за кои Фондот има податоци, и тоа:

- за аптеки кои имаат реализација на квота под 40%, квотата им се намалува за 40%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 40 до 50% квотата им се намалува за 30%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 50 до 60% квотата им се намалува за 20%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 60 до 70% квотата им се намалува за 10%;
- за аптеки кои имаат реализација на квота од 70 до 90% квотата не се менува;
- за аптеки кои имаат реализација над 90% квотата им се зголемува најмногу од 20%, во зависност од преостанатите средства за распределба.

Износите на определените квоти на аптеките се заокружуваат во илјади денари.“

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„ Фондот во текот на годината доколку оцени дека е потребно може да направи прераспределба на квотите врз основа на анализата и скалата дефинирана во претходниот член од овој Правилник.“

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

„ За аптеки кои првпат склучуваат договор со Фондот, како и за аптеки со кои Фондот склучил договор но нема податоци за нив, висината на квотата се утврдува на ниво од половина од просечната квота на ниво РМ во последните 6 месеци за кои Фондот има податоци.“

Член 5

Членот 8 се брише.

Член 6

Членот 9-а се брише.

Член 7

Членот 10 се брише.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство а ќе се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 02-21514/5
22 ноември 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.